РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 23-8601/1
15-09-2026 20 год.
СКОПЈЕ

# ПОВИК

## ЗА УПИС ВО РЕГИСТАР НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Општина Кисела Вода ги повикува сите **правни и физички лица кои вршат угостителска дејност на територијата на Општина Кисела Вода**, а кои сè уште немаат поднесено барање за упис во соодветниот регистар, да го сторат тоа во најкраток можен рок.

### Потребна документација за упис на правни лица

За упис во Регистарот на правни лица кои вршат угостителска дејност, покрај **„Барање за упис во регистарот на субјекти кои вршат угостителска дејност“**, потребно е да се приложат и следните документи:

- пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнување на минимално-техничките услови;
- доказ за сопственост, доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби;
- доказ за сопственост или доказ за право на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги за издавање соби и апартмани;
- доказ за платена административна такса во износ од **50 денари**.

### Потребна документација за упис на физички лица

За упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност, покрај **„Барање за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност“**, потребно е да се приложат:

- доказ за платена административна такса во износ од **50 денари**;
- доказ за сопственост.

### Напомена

Куќите, апартманите и собите за одмор во кои се вршат угостителски услуги за сместување подлежат на **категоризација**, која ја врши општината,

односно, за подрачјето на Град Скопје, градоначалникот на Град Скопје, согласно со законските прописи.

Правниот субјект или физичкото лице, исто така, е должно да поднесе **„Пријава за утврдување на часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време“**.

## Начин на доставување

Потребната документација се доставува во **Архивата на Општина Кисела Вода**, со назнака:

**„За упис во регистар“**

За дополнителни информации, заинтересираните лица можат да се обратат на телефон: 072/314-945

**Општина Кисела Вода**